КИРСМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**за работата на Комората на извршители на Република Северна Македонија**

**за периодот од 1 јануари 2022**

**до 31 декември 2022 година**

## СОДРЖИНА


ВОВЕД ....................................................................................................................................4

1.Општ преглед за Комората и активностите на извршителите во Република Северна Македонија .4

1.1 Техничка и кадрова опременост на КИРСМ ....................................................................................8

1.2 Анализа на постигнати резултати во извршувањето ........................................................................8

2. Активности на КИРСМ преку органите и комисиите на Комората ................................................17

2.1 Управен одбор на КИРСМ ..............................................................................................................18

2.2 Претседател на КИРСМ...................................................................................................................31

2.2.1 Претставки и тужби.......................................................................................................................31

2.2.2. Изземање на извршител ...............................................................................................................32

2.2.3. Упис во Именици, легитимација, потврди и склучен договор за осигурување ................32

2.2.4. Примопредавање ..........................................................................................................................33

2.2.5. Веб страна на Комората на извршители на РСМ ......................................................................33

2.2.6. Утврдување на просторни услови................................................................................................34

2.2.7 Членарина........................................................................................................................................34

2.2.8 Средби и учество на настани.........................................................................................................34

2.2.9 Соработка со Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер .....................................................................................................................................36

2.2.10 Заштита на лични податоци .......................................................................................................36

2.3 Дисциплинска комисија (ДК) при КИРСМ .....................................................................................36

2.4 Надзорен одбор на КИРСМ..............................................................................................................38

2.5 Стручен совет на КИРСМ..................................................................................................................38

2.6 Комисија за стручна едукација на извршители .............................................................................38

2.7 Комисија за спроведување на постапка за именување на изршител .........................................39

2.8 Ждрепка...............................................................................................................................................41

2.9 Комисија за вршење на надзор над работењето на извршителите и правилна примена на Тарифа ...................................................................................................................................................41

2.10 Постапување на извршителите врз основа на член 36 став 1 од Законот за извршување......42

3.Активности на КИРСМ преку одржани семинари, обуки и работилници ......................................42

4.Меѓународни активности на КИРСМ.........................................................................................43

5.Регионална соработка на КИРСМ .............................................................................................44

6.Односи на КИРСМ со домашни и странски институции ...................................................45

7.Нормативна активност на Комората на извршители ...........................................................46

8.Односи на КИРСМ со други институции .................................................................................46

9.Односи со медиумите....................................................................................................................46

10.Планови на Комората за 2023 година.........................................................................................47

# ВОВЕД

Во насока на исполнување на надлежноста од член 29 став 1 алинеја 15 од Статутот на Комората на извршители на РСМ во натамошниот текст (КИРСМ), Претседателот на КИРСМ го изготви овој извештај за севкупните активности на Комората за 2022 година и го доставува до Собранието на Комората на редовната годишна седница.

Овој извештај има за цел да ги презентира активностите кои Комората на извршители ги преземала во текот на 2022 година, со посебен акцент на анализа на постигнатите резултати во извршувањето, работата на органите на Комората, комисиите и работни тела на Комората, активности преку одржани семинари, обуки и работилници, меѓународната и регионалната соработка на Комората, односите со домашни и странски институции, медиуми и слично.

## 1.Општ преглед за Комората и активностите на извршителите во Република Северна Македонија

Извршителите и замениците на извршителите во Република Северна Македонија задолжително се здружуваат во Комора на извршители на РСМ. Во оваа извештајна година, вкупниот број на извршители на ден 31.12.2022 година изнесува 92, и истите се распоредени на 11 подрачја на основните судови во Република Северна Македонија.

Измените во оваа година во број на извршители и пополнетост на предвидени извршителски места во однос на минатата извештајна година е резултат на бришење од Именикот на извршители на **11 (единаесет)** извршители.

Во оваа извештајна година се спроведе бришење од Именик на извршители при Комората на извршители, на следниве извршители:

1. Извршител Антончо Коштанов од Скопје чија што должност престана, по негово барање;

2. Извршител Благојче Кипровски од Скопје чија што должност престана, по негово барање;

3. Извршител Душан Филиповиќ од Охрид чија што должност престана со навршување на 64 години возраст, согласно закон;

4. Извршител Елена Стрезоска од Охрид чија должност престана, со разрешување;

5. Извршител Златко Пејовски од Скопје чија што должност престана, по негово барање;

6. Извршител Јадранка Антовска од Скопје чија што должност престана со навршување на 64 години возраст, согласно закон;

7. Извршител Менка Мицеска од Прилеп чија што должност престана, по нејзино барање;

8. Извршител Ненад Миноски од Гостивар чија што должност престана, по негово барање;

9. Извршител Санида Јашар од Тетово чија што должност престана, по нејзино барање;

10. Извршител Славе Кромидоски од Прилеп чија што должност престана со навршување на 64 години возраст, согласно закон;

11. Извршител Снежана Маролова од Штип чија што должност престана со навршување на 64 години возраст, согласно закон.

Во оваа извештајна година Министерството за правда на РСМ именуваше **6 (шест)** извршители за следните подрачја:

1. Извршител Благоја Бакрачевски за подрачјето на Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје, на местото на извршител Златко Пејовски (поранешен извршител од Скопје);
2. Извршител Дејан Костовски за подрачјето на Основен суд Охрид, Основен суд Струга и Основен суд Дебар на местото на извршител Душан Филиповиќ (поранешен извршител од Охрид);
3. Извршител Златко Трајаноски за подрачјето на Основен суд Прилеп и Основен суд Крушево на местото на извршител Менка Мицеска (поранешен извршител од Прилеп);
4. Извршител Марија Ваневска за подрачјето на Основен суд Штип и Основен суд Свети Николе на местото на извршител Снежана Маролова (поранешен извршител од Штип);

5. Извршител Сашо Перовски за подрачјето на Основен суд Тетово на местото на извршител Санида Јашар (поранешен извршител од Тетово);

6. Извршител Соња Антовска од Скопје за подрачјето на Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје на местото на извршител Јадранка Антовска (поранешен извршител од Скопје).

Во оваа извештајна година, вкупниот број на заменици извршители кои се вработени во канцеларијата на извршител, изнесува **15 ( петнаесет )** заклучно со 31.12.2022 година.

На барање на Комората 92 извршители пополнија и приложија до КИРСМ анкетни листови за 2022 година, по чие сумирање, беа добиени следниве податоци:

| **АНКЕТА ЗА 2022 ГОДИНА** | | |
|---|---|---|
| **р.б** | **Прашање/ Извршител** | **ВКУПНО** |
| 1 | **Вкупниот број на вработени во мојата извршителска канцеларија(вклучувајки го и извршителот) изнесува:** | **421** |
| 2 | **Бројот на вработени во мојата извршителска канцеларија (не вклучувајќи го извршителот и волонтерите) изнесува: НАПОМЕНА:Ве молиме изразете го степенот на завршено образование на вработениот според работното место ( пр: заменикот вработен во канцеларијата ќе биде изразен само во ставката дипломиран правник со положен испит за извршители)** | **329** |
| | * со средно образование | **93** |
| | *дипломирани правници | **141** |
| | *со друго високо образование | **44** |
| | *дипломирани правници со положен правосуден испит | **107** |
| | *дипломирани правници со положен испит за извршители | **23** |
| | *основно образование | **0** |
| | *друго (наведете) Више образование | **3** |
| 3 | **Мојот Заменик извршител е:** | **0** |
| | *вработен во канцеларија ( можен одговор ДА или НЕ) | **15 одговори ДА** |
| | *друг извршител (можен одговор ДА или НЕ) | **77 одговори НЕ** |
| 4 | **Број на помошници извршители** | **31** |
| 5 | **Број на волонтери** | **2** |
| 6 | **Со колку компјутери вкупно располагате Вие и вашите вработени во извршителската канцеларија?** | **494** |

| | | |
|---|---|---|
| | **Дали се истите мрежно поврзани ? ( одговорете со да или не)** | **92 одговори ДА** |
| 8 | **Со колку службени возила располага Вашата канцеларија?** | **70** |
| 9 | **Со колку квадратни метри располага Вашата извршителска канцеларија?** | **6645** |
| 10 | **Дали користите електронски пристап по чл.36 ст.10 од ЗИ до услугите на: (одговорете со да или не)** | |
| | *Централен регистар | **74 одговори ДА**<br>**18 одговори НЕ** |
| | *Управа за јавни приходи | **42 одговори ДА**<br>**50 одговори НЕ** |
| | *КИБС | **62 одговори ДА**<br>**30 одговори НЕ** |
| | *Катастар | **92 одговори ДА** |
| | *е банкинг плаќање | **91 одговори ДА** |
| | *Агенција за вработување на РМ | **92 одговори ДА** |
| | *Управата за водење на матични книги | **6 одговори ДА**<br>**86 одговори НЕ** |
| | *Министерството за внатрешни работи | **92 одговори НЕ** |
| | *Министерство за труд и социјална политика | **85 одговори ДА**<br>**7 одговори НЕ** |
| | *друго (наведете) | / |
| 11 | ***On line бази на закони и прописи (Службен весник, академика или др.)** | **21 одговори ДА** |
| 12 | **Извршителот има квалификуван сертификат издаден од овластен издавач на сертификати - токен за електронски потпис? (одговорете со да или не)** | **92 одговори ДА** |

Согласно што, вкупниот број на вработени лица во извршителските канцеларии, не вклучувајќи ги извршителите, изнесува 329.

| Година | Број на извршители | Број на вработени | Просечен број на вработени во канцеларија без извршител |
|---|---|---|---|
| 2008 | 54 | 231 | 4,28 |
| 2009 | 77 | 177 | 2,95 |
| 2010 | 79 | 375 | 4,69 |
| 2011 | 91 | 339 | 3,85 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2012 | 92 | 400 | 4,35 |
| 2013 | 98 | 460 | 4,69 |
| 2014 | 97 | 507 | 5,23 |
| 2015 | 99 | 526 | 5,31 |
| 2016 | 98 | 509 | 5,19 |
| 2017 | 101 | 520 | 5,14 |
| 2018 | 97 | 422 | 4,35 |
| 2019 | 91 | 362 | 4,02 |
| 2020 | 99 | 351 | 3,61 |
| 2021 | 96 | 335 | 3,48 |
| 2022 | 92 | 329 | 3,57 |

## 1.1 Техничка и кадрова опременост на КИРСМ

Во однос на техничката опременост на КИРСМ, истата располага со: 4 Десктоп компјутери со MS Office, 2 лаптоп компјутери, 5 принтери, 1 факс, 1 ЛЦД проектор, 1 телевизор, 1 фотокопир, 1 скенер, 3 статични телефонски апарати, 1 метален сеф, 1 огноотпорен ормар, мебел и работни бироа.

Кадровскиот капацитет на Стручната служба на КИРСМ, се состои од четири лица во редовен работен однос, од кои едно лице како помлад стручен соработник[1], едно лице како стручен соработник, едно лице како правник и едно лице како самостоен референт за архивско и канцелариско работење.

## 1.2 Анализа на постигнати резултати во извршувањето

Споредбено по години, резултатите за спроведување на извршување врз основа на доставените извештаи за работа на извршителите се следните:

Во извештајната 2022 година, бројот на вкупно примени барања за извршување[2] во извршителските канцеларии изнесува 152.079 барања, додека пак завршени[3] се 58.201 предмети.

1 Помладиот стручен соработник од 24.10.2019 година е назначен за вршител на должност Генерален секретар на КИРСМ.

2 Согласно одлука/заклучок од Редовно Годишно собрание на КИРСМ 02-132/6 од 27.02.2023 година, податоците за оваа ставка се преземаат од Годишните писмени извештаи за работата на извршителите за 2022 година.

| Година | Примени барања | Реализирани | Процент на реализација | Наплатени средства во евра |
|---|---|---|---|---|
| 2006 | 6,335 | 2,750 | 43.41% | 20,217,987.00 € |
| 2007 | 30,098 | 12,102 | 40.21% | 49,294,201.00 € |
| 2008 | 40,141 | 14,332 | 35.70% | 60,054,078.00 € |
| 2009 | 58,516 | 22,901 | 39.14% | 78,054,164.00 € |
| 2010 | 67,297 | 35,607 | 36.76% | 94,760,634.00 € |
| 2011 | 73,570 | 30,668 | 42.65% | 80,106,316.00 € |
| 2012 | 164,055 | 33,384 | 25.74% | 104,312,352.00 € |
| 2013 | 141,115 | 38,205 | 33.96% | 127,780,882.00 € |
| 2014 | 159,575 | 49,452 | 30.99% | 107,876,768.00 € |
| 2015 | 154,522 | 52,457 | 33.95% | 107,646,962.00 € |
| 2016 | 227,836 | 54,720 | 24,02% | 118,964,677.41 € |
| 2017 | 88,723 | 56,163 | 63,30 % | 166,224,905.97 € |
| 2018 | 112,250 | 62,515 | 55,69% | 126,966,895.41 € |
| 2019 | 121,812 | 57,065 | 46,84% | 123,255,351.58 € |
| 2020 | 101,360 | 42,233 | 41,66% | 123,163,049.63 € |
| 2021 | 123,668 | 59,205 | 47,87% | 130,005,233.91 € |
| 2022 | 152,079 | 58,201 | 38,27% | 144,350,068.56 € |
| **Вкупно за 17 години** | 1,822,952 | 681,960 | **37.40%** | **1,763,034,526.47 €** |

Вкупниот износ на наплатени средства од извршување кои извршителите го наплатиле во 2022 година изнесува 144,350,068.56 евра.

[3] Согласно одлука/заклучок од Редовно Годишно Собрание на КИРСМ 02-132/6 од 27.02.2023 година, податоците за оваа ставка се преземаат од Годишните писмени извештаи за работата на извршителите за 2022 година.

| Податоци од резултати по подрачја на извршители од 2022 година | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Подрачје** | **Број на извршители** | **Примени барања** [4] | **Реализирани** [5] | **Процент на реализација**[6] | **Наплатени средства во евра** |
| **1. Основен суд Кочани, Основен суд Берово, Основен суд Виница и Основен суд Делчево** | 4 | 5543 | 1454 | 9.33 | 3,844,611.11 € |
| **2. Основен суд Битола и Основен суд Ресен** | 5 | 7462 | 3155 | 15.70 | 8,156,899.74 € |
| **3. Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кавадарци и Основен суд Неготино** | 11 | 13466 | 5593 | 8.10 | 11,806,557.87 € |
| **4. Основен суд Гостивар и Основен суд Кичево** | 5 | 12284 | 4294 | 9.25 | 7,583,536.59 € |
| **5. Основен суд Куманово, Основен суд Крива Паланка и Основен суд Кратово** | 8 | 13943 | 4699 | 5.37 | 5,116,851.66 € |
| **6. Основен суд Охрид, Основен суд Струга и Основен суд Дебар** | 4 | 5348 | 3114 | 13.36 | 8,659,056.73 € |
| **7. Основен суд Прилеп и Основен суд Крушево** | 4 | 7447 | 2908 | 10.69 | 4,538,885.86 € |
| **8. Основен суд граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје** | 32 | 64305 | 23471 | 11.44 | 73,589,331.63 € |
| **9. Основен суд Струмица и Основен суд Радовиш** | 8 | 6284 | 2988 | 9.45 | 10,530,128.00 € |
| **10. Основен суд Тетово** | 5 | 8773 | 3739 | 11.86 | 5,916,131.63 € |
| **11. Основен суд Штип и Основен суд Свети Николе** | 6 | 7224 | 2786 | 15.50 | 4,608,077.76 € |
| **ВКУПНО:** | **92** | **152079** | **58201** | 10.70 | **144,350,068.56 €** |

---

[4] Согласно одлука/заклучок од Редовно Годишно Собрание на КИРСМ 02-132/6 од 27.02.2023 година, податоците за оваа ставка се преземаат од Годишните писмени извештаи за работата на извршителите за 2022 година.

[5] Согласно одлука/заклучок од Редовно Годишно Собрание на КИРСМ 02-132/6 од 27.02.2023 година, податоците за оваа ставка се преземаат од Годишните писмени извештаи за работата на извршителите за 2022 година.

[6] Процентот на реализација е изразен согласно Правилникот за форма и содржина на кварталниот извештај и Годишниот писмен извештај за работата на извршителот

Процентот на реализација[7] во 2022 година, кој е изразен како соодност на вкупно реализираните барања за извршување од применете барања за извршување во извештајната година согласно Правилникот за форма и содржина на кварталниот извештај и Годишниот писмен извештај за работата на извршителот е прикажан во табелата за процент на реализација за 2022 година. Најмногу реализирани барања за извршување од примените во 2022 година или 15.70% има подрачјето на Основниот суд Битола и Основниот суд Ресен, додека пак подрачјето на Основниот суд Куманово, Основниот суд Крива Паланка и Основниот суд Кратово имаат најмал процент на реализација на примени барања за извршување во 2022 година односно 5.37%.




Табеларен приказ на процентот на реализација споредбено за последните девет години :

| **Подрачје** | **Процент на реализација во 2014 година** | **Процент на реализација во 2015 година** | **Процент на реализација во 2016 година** | **Процент на реализација во 2017 година** | **Процент на реализација во 2018 година** | **Процент на реализација во 2019 година** | **Процент на реализација во 2020 година** | **Процент на реализација во 2021 година** | **Процент на реализација во 2022 година** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. Основен суд Кочани, Основен суд Берово, Основен суд Виница и Основен суд Делчево** | 35.76 | 43.92 | 34.96 | 19.52 | 10.23 | 9.81 | 12.38 | 19.21 | 9.33 |

[7] Процентот на реализација е изразен согласно Правилникот за форма и содржина на кварталниот извештај и Годишниот писмен извештај за работата на извршителот

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2. Основен суд Битола и Основен суд Ресен** | 44.6 | 49.6 | 37.07 | 22.96 | 18.53 | 16.09 | 13.99 | 22.38 | 15.70 |
| **3. Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кавадарци и Основен суд Неготино** | 48.39 | 41.08 | 42.59 | 15.67 | 5.81 | 8.33 | 7.67 | 12.61 | 8.10 |
| **4. Основен суд Гостивар и Основен суд Кичево** | 17.93 | 29 | 12.91 | 9.49 | 7.20 | 4.81 | 7.01 | 17.76 | 9.25 |
| **5. Основен суд Куманово, Основен суд Крива Паланка и Основен суд Кратово** | 31.17 | 32.56 | 18.61 | 14.46 | 10.96 | 6.67 | 7.21 | 14.75 | 5.37 |
| **6. Основен суд Охрид, Основен суд Струга и Основен суд Дебар** | 34.17 | 29.32 | 23.97 | 15.61 | 12.59 | 11.03 | 10.46 | 24.15 | 13.36 |
| **7. Основен суд Прилеп и Основен суд Крушево** | 32.06 | 34.17 | 46.24 | 22.44 | 11.63 | 8.96 | 7.92 | 16.13 | 10.69 |
| **8.Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје** | 26.6 | 31.02 | 19.91 | 14.12 | 9.86 | 10.30 | 9.50 | 16.88 | 11.44 |
| **9. Основен суд Струмица и Основен суд Радовиш** | 39.66 | 39.83 | 37.21 | 21.22 | 8.91 | 9.30 | 9.33 | 13.13 | 9.45 |
| **10. Основен суд Тетово** | 20.65 | 20.58 | 13.12 | 8.23 | 6.55 | 7.09 | 8.39 | 17.01 | 11.86 |
| **11. Основен суд Штип и Основен суд Свети Николе** | 37.28 | 39.28 | 37.65 | 24.72 | 21.12 | 14.21 | 13.28 | 23.56 | 15.50 |

Според податоците од оваа извештајна година во поглед на висина на наплатени средства за доверителите, извршителите од подрачјето на Основниот граѓански суд Скопје и Основниот кривичен суд Скопје имаат најмногу наплатено парични средства и тоа во висина од  4,525,743,895.00денари, додека пак најмалку наплатени парични средства има кај извршителите на подрачјето на Основен суд Кочани, Основен суд Виница, Основен суд Берово и Основен суд Делчево во висина од  236,443,583.00 денари.



Согласно податоците од доставените извештаи за работата на извршителите за оваа извештајна година најголемиот број од применените извршни исправи биле успешно реализирани во период на времетраење од повеќе од една година од моментот на поднесување на барањето за извршување:




| | 2014 година | 2015 година | 2016 година | 2017 година | 2018 година | 2019 година | 2020 година | 2021 година | 2022 година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| над 1 година | 18453 | 22899 | 27537 | 32004 | 37775 | 32372 | 24453 | 32996 | 29239 |
| од 6 до 12 месеци | 7037 | 7290 | 6781 | 6792 | 4655 | 4473 | 4411 | 5129 | 5660 |
| од 3 до 6 месеци | 5726 | 5521 | 4649 | 5181 | 3981 | 4105 | 3199 | 4636 | 5238 |
| до 3 месеци | 18236 | 16729 | 15713 | 13440 | 16061 | 16407 | 13083 | 20344 | 22637 |

Споредбено по години, во бројот на реализирани извршни исправи[8] од страна на извршителите во 2022 година се забележува намалување, па во оваа извештајна година реализирани се вкупно 58.201 извршни исправи.




| | 2012 година | 2013 година | 2014 година | 2015 година | 2016 година | 2017 година | 2018 година | 2019 година | 2020 година | 2021 година | 2022 година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Series1 | 33,384 | 38,205 | 49,452 | 52,457 | 54,720 | 56,163 | 62,515 | 57,065 | 42,233 | 59,205 | 58,201 |

8 Согласно одлука/заклучок од Редовно Годишно Собрание на КИРСМ 02-132/6 од 27.02.2023 година, податоците за оваа ставка се преземаат од Годишните писмени извештаи за работата на извршителите за 2022 година.

## Сума на наплатени средства според доверители

Врз основа на добиените податоци од кварталните извештаи за 2022 година, според структура на доверители, извршителите во полза на државата наплатиле вкупен износ од 6,479,913.38 евра. Воедно, во истиот период, назад во стопанството се влезени вкупно 116,657,829.90 евра, благодарение на реализацијата од страна на извршителите во РСМ, додека пак во полза на физичките лица - доверители реализирани се 22,666,106.76 евра.

| Сума на наплатените средства според доверители | Износ во денари и евра за 2022 година | |
|---|---|---|
| - за физички лица | 1,393,965,565.50 ден | 22,666,106.76 € |
| - за правни лица | 7,174,456,539.01 ден | 116,657,829.90 € |
| - за РМ | 398,514,673.00 ден | 6,479,913.38 € |



## Сума на наплатени средства според должници

Според структура на должници, извршителите во 2022 година наплатиле најмногу парични средства од должници правни лица, поточно 81,720,429.56 евра, потоа од физички лица износ од 40,504,009.47евра и крајно од Република Северна Македонија износ од 23,467,349.46 евра.

| Сума на наплатените средства според должници | **Износ во денари и евра за 2022 година** | |
|---|---|---|
| - од физички лица | 2,490,996,582.51 ден | 40,504,009.47 € |
| - од правни лица | 5,025,806,418.00 ден | 81,720,429.56 € |
| - од РМ | 1,443,241,992.00 ден | 23,467,349.46 € |



Комората направи анализа на податоците, врз основа на доставените квартални извештаи од извршителите според основот на побарувањето за кое е поднесено барање за извршување. Бројот на поднесени барања за реализирање на непарични побарувања во извештајната 2022 година е вкупно 14 барања за извршување.




## 2. Активности на КИРСМ преку органите и комисиите на Комората

Собранието на КИРСМ во текот на оваа извештајна година одржа 1 (една) седница на Редовно Годишно Собрание и 1 (една) седница на Вонредно Собрание на КИРСМ, на кои беа донесени следните поважни одлуки:

**На седница на шеснаесетото Редовно Годишно Собрание на КИРСМ одржано на ден 25.02.2022 година во хотел Гранит,** Охрид беа донесени три поважни одлуки: „Се усвојува Годишниот извештај за работата на КИРСМ од 01.01.2021 до 31.12.2021 година.“ ;„Се усвојува Годишна сметка и Финансиски извештај за работата на КИРСМ за 2021 година.“ и „Се усвојува Финансиски план на КИРСМ за 2022 година.“

**За ден 03.06.2022 година во** хотел 88 Rooms, Белград, Република Србија беше закажана седница на Вонредно Собрание на КИРСМ, но истата не се одржа, поради немање кворум за работа.

**<u>На седница на Вонредно Собрание на КИРСМ одржано на ден 23.06.2022 година во хотел Континентал</u>**, Скопје на кое беа донесени следните одлуки : „Се врши измена на Годишен извештај за работата на КИРСМ за период од 01 јануари 2021 година до 31 декември 2021 година. Се усвојува изменет Годишен извештај за работата на Комората на извршители на РСМ за период од 01 јануари 2021 година до 31 декември 2021 година.“; „Судија Тања Милева од Апелационен суд Скопје е избрана за член на ДК при КИРСМ од редот на судиите со мандат од три години, сметано од 26.06.2022 година. Судија Јетмир Хамзаи од Основен суд Гостивар е избран за член на ДК при КИРСМ од редот на судиите со мандат од три години сметано, од 26.06.2022 година. Судија Снежана Богдановска од Основен граѓански суд Скопје е избрана за заменик член на ДК при КИРСМ од редот на судиите со мандат од три години, сметано од 26.06.2022 година. Судија Јусуф Ајрулахи од Апелационен суд Скопје е избран за заменик член на ДК при КИРСМ од редот на судиите со мандат од три години, сметано од 26.06.2022 година. “ и “За заменик член на Дисциплинска комисија на Комората на извршители на РСМ од редот на извршителите е избран извршител Весна Деловска од Скопје со мандат од три години, сметано од 26.06.2022 година.“

## 2.1 Управен одбор на КИРСМ

Управниот одбор на КИРСМ во текот на 2022 година има одржано **10** (десет) седници на кои се донесени **61** (шеесет и една) одлука, **42** (четириесет и два) заклучоци и се одобрени **43** (четириесет и три) решенија/одлуки донесени од страна на Претседателот на КИРСМ, согласно член 79 став 4 од Законот за извршување. Како поважни одлуки и заклучоци донесени и одобрени од страна на Управниот одбор на КИРСМ, се издвојуваат:

- Се усвојува Програма за задолжителна и континуирана едукација на извршителите за 2022 година;
- 16-то Редовно Годишно Собрание на Комората на извршители на РСМ ќе се одржи на 25.02.2022 година- петок во Охрид;
- Семинарот на извршители ќе се одржи на ден 26.02.2022 година – сабота во хотел Гранит, Охрид со почеток во 10 часот со предложените теми од страна на Комисјата за задолжителна и континуирана едукација на КИРСМ;
- Се одобрува и се става во функција редизајниран веб сајт на Комора на извршители на РСМ со утврдените забелешки за корекција;

- Се одобрува Одлука на Претседател на КИРСМ со која се формира Комисија за примопредавање на списи, предмети, книги, електронска евиденција и состојба на сметките од канцеларија на Санида Јашар поранешен извршител од Тетово, чија должност престана согласно Решение бр. 09-2538/2 од 09.11.2021 година на Министер за правда, на извршител Лазар Петровски од Куманово- заменик на извршител Санида Јашар од Тетово...;
- Се одобрува Одлука на Претседател на КИРСМ со која се формира Комисија за утврдување на предлог по пат на ждрепка согласно член 74 став 2 од Законот за извршување (Службен весник на РМ бр. 72/16, 142/16, 233/18 и 14/20), за предметите од канцеларијата на Извршител Драган Алексиќ од Куманово чија должност престана, помеѓу извршителите именувани на подрачјето на Основен суд Куманово, Основен суд Крива Паланка и Основен суд Кратово...;
- Се задолжува Стручната служба на КИРСМ да ги достави збирните квартални извештаи за период од 01.01.2021 до 31.12.2021 година до сите извршители по електронски пат со барање доколку утврдат разлики да достават корегирани квартални извештаи;
- Се задолжува Стручната служба на КИРСМ заради изготвување на анализа да побара по електронски пат од извршителите во рок од 8 (осум ) дена да достават податоци за вкупно примени барања за извршување во 2021 година, вкупно реализирани барања за извршување од примените во 2021 година и вкупно приходи (износ на наплатени средства по основ на: цена на администрирање, превземени извршни дејствија и награда за извршување) од примените барања за извршување во 2021 година;
- Се разгледа Предлог финансискиот извештај за работата на КИРСМ за период од 01.10.2021 до 31.12.2021 година и истиот се доставува до Надзорен одбор на Комората на извршители на РСМ;
- Се усвојува завршна сметка за 2021 година и предлог финансиски извештај за 2021 година на КИРСМ со корекција односно износот од 689,408.00 денари кој се однесува на организација на 15 години на КИРСМ да се вклучи во ставката 50- непредвидени расходи и истите се доставуваат до Надзорен одбор на Комората на извршители на РСМ и Собранието на Комората на извршители на РСМ;
- Се утврдува агенда за семинат на извршителите што ќе се одржи на ден 26 февруари 2022 година во хотел Гранит, Охрид. Се овластува Стручната служба да достави линк за приклучување до вработените во извршителските канцеларии за следење на Семинарот на извршители кој ќе се одржи на ден 26.02.2022 година;

- Претседателот на Комората на извршители на РСМ да донесе Решение за бришење од Именик на извршители на извршител Менка Мицеска од Прилеп со денот на отпочнување на работа на новоименуваниот извршител Златко Трајаноски;
- Се овластува Стручната служба писмено да се обрати до Претседателот на Апелациониот суд Скопје со барање за остварување на работна средба;
- Се усвојува Предлог изменет и дополнет финансиски план за 2022 година. Предлог финансискиот план за 2022 година со сите измени и дополнувања се доставува до Надзорен одбор на КИРСМ и до Собранието на Комората;
- Не се усвојува одлука за учество на Пролетен постојан совет на МУСИ во Глазгов, Шкотска на ден 20.05.2022 година;
- Се одобрува Одлука на Претседател на КИРСМ со која се формира Комисија за примопредавање на предмети, списи, електронска евиденција и состојба на сметките од канцеларија на Драган Алексиќ поранешен извршител од Куманово на определен извршител Лазар Петровски од Куманово со Решение бр.09-134/3 од 21.02.2022 година на Министер за правда на РСМ...";
- Примопредавањето на предметите, списите, електронската евиденција и состојба на сметките ќе се одвива во канцеларија на поранешен извршител Драган Алексиќ од Куманово кои се наоѓаат на ул.Гоце Делчев бр.К-1/1-10 Куманово;
- Се одобрува Решение за упис во Именик на извршители на извршител Сашо Перовски дел бр. 03-86/6 од 28.02.2022 година на Претседател на КИРСМ;
- Се одобрува Одлука на Претседател на КИРСМ која гласи:„Претседателот на Комората на извршители на РСМ по повод поднесено барање за утврдување на просторни услови од извршител Сашо Перовски од Тетово за утврдување на просторни услови на ул. ЈНА бр. 5/2-12 Тетово формира Комисија....";
- Се одобрува Решение на Претседател на КИРСМ за упис во Именик на извршители на извршител Златко Трајаноски;
- Се одобрува Одлука на Претседател на КИРСМ која гласи:„ Претседателот на Комората на извршители на РСМ по повод поднесено барање за утврдување на просторни услови од извршител Златко Трајаноски за утврдување на просторни услови на ул. Кресненско востание бр.2 Прилеп формира Комисија....";
- Се одобрува Одлука на Претседател на КИРСМ со која се формира Комисија за примопредавање на предметите од канцеларијата на извршител Менка Мицеска од Прилеп чија должност престана на извршител Златко Трајаноски именуван со решение

на министерот за правда овластен да ја превземе евиденцијата и списите и да продолжи да постапува по предметите....“;

- Се одобрува Решение за бришење од Именик на извршители на Менка Мицеска дел бр. 03-103/1 од 08.03.2022 година на Претседател на КИРСМ;
- Се одобрува Решение за бришење од Именик на извршители на Душан Филиповиќ дел бр.03-126/1 од 28.03.2022 година на Претседател на КИРСМ;
- Се одобрува одлука на Претседател на КИРСМ со која се формира Комисија за примопредавање на предмети, списи, електронска евиденција и состојба на сметките од канцеларија на Санида Јашар поранешен извршител од Тетово на новоименуван извршител Сашо Перовски од Тетово со Решение Уп 1 бр.09-336/2022 од 14.02.2022 година на Министер за правда на РСМ, ....“;
- По повод писмо за поддршка дел бр. 03-104/1 од 11.03.2022 година од Институт за правно – економски истражувања и едукација Јуридика Прима, се доделуваат 6.000,00 денари во нето износ како финансиска поддршка за одржување на Осмата Меѓународна научна конференција Охридска Школа на правото-2022 година;
- Се разгледа Записникот УПП бр. 03-6/2 од 17.03.2022 година од Комисија за вршење надзор над работењето на извршители и правилна примена на Тарифа. Се овластува Претседателот на КИРСМ, да постапи согласно закон по повод констатациите и наодите на Комисијата содржани во Записник УПП бр. 03-6/2 од 17.03.2022 година;
- Се разгледа Записник дел бр. 02-28/5 од 22.03.2022 година на Комисија за континуирана и задолжителна едукација и се прифаќаат темите за нареден семинар предложени од Комисијата за задолжителна и континуирана едукација како и предлогот наредениот семинар на извршители да се одржи во Белград, Р.Србија во период од 02.06-05.06.2022 година;
- Се номинраат Извршител Благоја Каламатиев од Скопје и Извршител Јадранка Јовановска од Куманово како претставници од Комората на извршители на РСМ за комуникација и соработка со АКН за достава на предлози по повод нацрт закони за геодетска дејност и премер, катастар на недвижности и регистри;
- Се одобрува Спогодбата за престанување на договор за вработување дел бр. 04-112/6 од 31.03.2022 година склучена помеѓу Комората на извршители на РСМ и работникот Катерина Ивановска;
- Комората да прибави информации од АВРСМ за активни мерки за ангажирање на приправник со цел ангажирање на приправник во Стручната служба и за истото да го

извести Управниот одбор а за потребата од ново вработување во Стручната служба да се одлучува после 30.06.2022 година;

- Се дополнува член 4 од предлог Меморандумот на Фондот на ПИО на РСМ со нови две алинеи....и истиот да се достави до Фондот на ПИО на РСМ со цел нивно разгледување.
- Се закажува Вонредно Собрание на Комората на извршители на РСМ кое ќе се одржи на ден 03 јуни 2022 година (петок), во Белград;
- Управниот одбор на КИРСМ го разгледа Предлог финансискиот извештај за работата на КИРСМ за период од 01.01.2022 година до 31.03.2022 година, и истиот го усвои;
- Сите активни извршители да се известат и повикаат да се пријават за обука за обучувачи за извршување во рамки на Проектот за зајакнување на извршувањето во Западен Балкан, финансиран од Холандското Министерство за надворешни работи и да се информираат пензионирани извршители. Повикот за пријавување на обука за обучувачи за извршување во рамки на Проектот за зајакнување на извршувањето во Западен Балкан финансиран од Холандското Министерство за надворешни работи, да се објави на веб страната на Комората на извршители на РСМ;
- Се одобрува Решение за бришење од Именик на извршители на извршител Јадранка Антовска дел бр. 03-125/3 од 20.04.2022 година, донесено од страна на Претседател на КИРСМ;
- Се одобрува Решение за бришење од Именик на извршители на извршител Снежана Маролова дел бр. 03-108/3 од 20.04.2022 година, донесено од страна на Претседател на КИРСМ;
- Се формира Комисија за примопредавање на предмети, уписници, електронска евиденција и состојби на сметки од извршителската канцеларија на Јадранка Антовска, поранешен извршител од Скопје, чија должност престана согласно Решение бр. 09-838/1 од 09.03.2022 година на Министерство за правда, на заменик извршител Ивана Нешовска од Скопје.....;
- Доколку во Комората на извршители во иднина од странка се достави предмет од поранешниот извршител Александар Тасевски, да се направи копија од предметот, а предметот во оригинал да му се врати на странката- подносител со допис. Комората да поднесе кривична пријава против поранешниот извршител Александар Тасевски, за што соодветно да се инсконсултира со адвокат;

- Управниот одбор на КИРСМ го разгледа Записникот дел.бр.02-83/2 од 05.04.2022 година, од состанокот со претставници на Министерството за информатичко општество и администрација. Во овој момент Комората на извршители нема да пристапи кон платформата за интероперабилност на МИОА, но се остава можност во иднина доколку се создадат поволни услови, да се отвори повторно процесот за пристапување. Комората да бара финансиска подршка за реализација на овој проект;
- Предлог актите изготвени од страна на Комисијата (Комисија за изработка на сите потребни акти за извршителските канцеларии и Комората, заради усогласување на потребите на извршителската канцеларија со новиот Закон за заштита на лични податоци), а се однесуваат за Комората на извршители на РСМ, да бидат доставени до Агенцијата за заштита на лични податоци на одобрување или дали изготвените акти имаат некакви недостатоци. По добивање на овие информации од Агенцијата, предлог актите изработени од Комисијата заедно со информацијата добиена од страна на Агенцијата за недостатоци (ако ги има) да биде проследена до сите извршители, за да извршителите ги прилагодат своите акти за сопствени потреби. Доколку од страна на Агенцијата бидат утврдени недостатоци на предлог актите за Комората, Комисијата да изврши корекција на истите, и да ги усогласи со Закон за заштита, а во согласност со дадената информација за некаква корекција;
- Се утврдува Предлог дневен ред за Вонредно Собрание на Комората на извршители на РСМ кое ќе се одржи на ден 03 јуни 2022 година;
- Се усвојува Агенда за Семинар на извршителите кој ќе се одржи на ден 04 јуни 2022 година во хотел „88 Rooms“ во Белград, Република Србија;
- Да се извести Министерството за правда дека податоците во ставките: вкупен број на примени барања за извршување, вкупен број на реализирани извршни исправи, број на релизирани извршни исправи од примените во извештајната година, вкупен износ на наплатени средства по основ надоместок за обработка на предмет, вкупен износ на наплатени средства по основ на преземени извршни дејствија и вкупен износ на наплатени средства по основ награда за извршување ќе претрпат измена во Годишниот извештај за работата на КИРСМ за 2021 година, и како конечни податоци ќе се внесат податоците од годишните извештаи за работата на извршителот за 2021 година согласно член 56 став 2 од ЗИ доставени од страна извршителите до КИРСМ заклучно до 15.03.2022 година. Годишниот извештај за работа на КИРСМ за 2021 година, да се избрише од веб сајтот на Комората. Предлог корегиран Годишен извештај за работата на КИРСМ за 2021 година, да се достави на разгледување и усвојување на наредна седница

на Вонредно Собрание на КИРСМ. По усвојување на изменет Годишен извештај за работа на КИРСМ за 2021 година, истиот да се објави на веб страната на Комората, и да се достави до Министерството за правда на РСМ;

- Се продолжува договорот склучен помеѓу КИРСМ и ЈП Службен весник на РСМ за пристап на Комората до електронска база на податоци на Службен весник на РСМ, за уште една година;
- Да се изработи и испрати до сите извршители по маил онлајн анкета за присуство на Вонредно Собрание на извршители со рок за одговори до вторник 21.06.2022 година до 16.30 часот;
- Се закажува Вонредно Собрание на извршители за ден 23 јуни 2022 година во хотел Контитентал во Скопје со почеток во 14.00 часот;
- Се номинираат извршител Николче Диневски од Битола, Потпретседател на КИРСМ и извршител Васко Блажевски од Скопје за членови од Комората на извршители на Република Северна Македонија во Работна група за подготовка на нова Стратегија за правосудниот сектор со Акциски план 2023-2027;
- Да се одржи средба со претставници на Комората на извршители на Република Србија, со цел разгледување на Законот за извршување на Република Србија и одлуките на Уставниот суд на Република Србија, со цел КИРСМ да дефинира предлози за измена на Законот за извршување, и истите да се достават до работната група при Министерството за правда на РСМ за измена на Законот за извршување;
- Се одобрува Решение за бришење од Именик на извршители на извршител Елена Стрезоска дел бр. 03-202/2 од 27.05.2022 година. Се одобрува Решение за бришење од Именик на извршители на извршител Златко Пејовски дел.бр.03-217/2 од 07.06.2022 година. Се одобрува Одлука за формирање на комисија за примопредавање на предмети, списи, уписници електронска евиденција и состојбни на сметки од извршител Златко Пејовски дел.бр.02-217/5 од 16.06.2022 година;
- Се формира Комисија за утврдување на просторни услови на канцеларија на извршител Александар Максимовски од Скопје согласно барање за утврдување на просторни услови “;
- Да се објави оглас за вработување на едно лице на работно место правник во Комората на извршители на РСМ на определено време, согласно дополнетите посебни услови и работно искуство од одлуката на Управен одбор на КИРСМ дел.бр.02-368/12 од 09.07.2020 година;

- Се усвојува финансиски извештај за работата на КИРСМ за период од 01.04.2022 година до 30.06.202 година и финансиски извештај за работата на КИРСМ за период од 01.01.2022 година до 30.06.2022 година;
- Се одобрува Решение донесено од страна на Претседател на КИРСМ за упис на извршител Дејан Костовски во Именик на извршители, дел.бр.03-204/6 од 11.07.2022 година. Се одобруба одлука донесено од страна на Претседател на КИРСМ за примопредавање на предмети, списи и евиденција од поранешниот извршител Душан Филиповиќ на новоименуваниот извршител Дејан Костовски, дел.бр.02-204/12 од 11.07.2022 година. Се одобрува одлука донесено од страна на Претседател на КИРСМ за формирање на Комисија за утврдување на просторни услови на извршител Дејан Костовски дел.бр.03-204/13 од 11.07.2022 година....“;
- Се вработува лицето Марија Белевска во Комората на извршители на РСМ на работно место правник, на определено време од 6 месеци....“;
- Се прифаќа покана за присуство на конференција на нови технологии и управување со извршувањето, доставена до Комората на извршители на РСМ. Се номинираат извршителите Ванчо Марковски и Николче Диневски за лица кои како претставници од КИРСМ ќе присуствуваат на конференцијата во Батуми, Грузија која ќе се одржи од 21-ти до 24- ти септември 2022 година;
- Управниот одбор на КИРСМ го разгледа записникот од седница на Стручен совет на КИРСМ од 04.08.2022 година. Претседателот на Комората и член на Управен одбор - извршител Моника Муча да побараат и остварат средба со Претседателот на Основен граѓански суд Скопје, со цел дискусија по однос на прашањето поставено од извршител Весна Јакимовска до Стручен совет на КИРСМ и Заклучокот на Стручен совет на КИРСМ од 04.08.2022 година;
- Управниот одбор на КИРСМ го разгледа записникот од седница на Надзорен одбор на КИРСМ одржана на ден 31.08.2022 година и одлуки по однос на препораките, дополнително ќе бидат донесени. Управниот одбор на КИРСМ на наредната седница, како точка на дневен ред ќе разгледа: „Анализа на трошоци кои ќе паднат на товар на Комората произлезено од кризна состојба“;
- Управниот одбор на КИРСМ го разгледа записникот од седница Комисија за едукација одржана на ден 16.09.2022 година и на денешната седница ќе бидат разгледани и утврдени темите за семинар на извршителите;
- Семинарот на извршители ќе се одржи во деновите 04, 05, и 06 ноември 2022 година во хотел „Фени“ Кавадарци;

- За членови на Стручен совет на КИРСМ со мандат од 04.10.2022 до 04.10.2023 година се избираат: проф. д-р Милка Ракочевиќ од Правен факултет „Јустинијан Први“Скопје; Селим Адеми од Судски совет на РСМ; Владимир Јанковски од Министерство за правда на РСМ и извршител Емилија Павловска од Штип;
- Се формира Комисија за ревидирање на архивски планови и листи, во состав: Благојче Кипровски, извршител од Скопје; Славица Ацовска, извршител од Тетово и Љубица Новљановска Брајковска од Стручна служба на КИРСМ;
- Се прифаќа понудата доставена од проф. д-р Ангел Ристов. Комората на извршители на РСМ ќе купи 100 книги-„Прирачник за планирање на наследството” од автор проф. д-р Ангел Ристов, во издание на Институтот IURIDICA PRIMA;
- Имајќи ја во предвид економско–енергетската криза што е во тек се задожува Надзорниот одбор на КИРСМ заедно со сметководителот на Комората да направат анализа на севкупните трошоци на Комората, и тоа: колку биле порано трошоците, колку се сега и со одредени ставки да предвидат, колкави ќе бидат трошоците што ни претстојат. Исто така се задолжува НО на КИРСМ да изготви симулации на трошоци споредбено со неколку износи на месечна членарина, со кои ќе може да функционира Комората. УО на КИРСМ ќе дискутира по добиените анализи и симулации на трошоци од НО на КИРСМ, по што ќе донесе соодветни заклучоци и ќе преземе соодветни мерки;
- Се одобрува Решение донесено од страна на Претседател на КИРСМ за бришење на извршител Антонио Коштанов од Именик на извршители, дел.бр.03-253/2 од 22.07.2022 година. Се одобрува Одлука донесено од страна на Претседател на КИРСМ за формирање на Комисија за утврдување на просторни услови кај извршител Александра Заринска Дуровска во Скопје, дел. бр. 02-314/1 од 23.08.2022 година. Се одобрува Одлука донесено од страна на Претседател на КИРСМ за формирање на Комисија за утврдување на предлог по пат на ждрепка дел. бр. 02-334/2 од 12.09.2022 година. Се одобрува Одлука донесено од страна на Претседател на КИРСМ за формирање на Комисија за примопредавање на предмети, списи, уписници, електронска евиденција и состојба на сметка од канцеларијата на Елена Стрезоска, поранешен извршител од Охрид на заменик извршител Мики Лазаров од Велес, дел бр. 02-202/16 од 12.09.2022 година. Се одобрува Одлука донесено од страна на Претседател на КИРСМ за формирање на Комисија за утврдување на просторни услови кај извршител Марија Ваневска во Штип, дел.бр.02-319/9 од 20.09.2022 година. Се одобрува Решение донесено од страна на Претседател на КИРСМ за определување на ден за почеток со работа на извршител Марија Ваневска од Штип, дел бр. 03-319/18 од 26.09.2022 година. Се одобрува Одлука

донесено од страна на Претседател на КИРСМ за формирање на Комисија за примопредавање на предмети, списи, уписници, електронска евиденција и состојба на сметка од канцеларијата на Снежана Маролова, поранешниот извршител од Штип на заменик извршител Емилија Павловска од Штип, дел. бр. 02-319/22 од 26.09.2022 година. Се одобрува Одлука донесено од страна на Претседател на КИРСМ за формирање на Комисија за примопредавање на предмети од канцеларијата на Снежана Маролова, чија што должност престана нановоименуваниот извршител Марија Ваневска од Штип, дел. бр. 02-319/23 од 26.09.2022 година. Се одобрува Решение донесено од страна на Претседател на КИРСМ за упис на извршител Соња Антовска во Именик на извршители, дел бр. 03-318/10 од 27.09.2022 година. Се одобрува Одлука донесено од страна на Претседател на КИРСМ за формирање на Комисија за утврдување на просторни услови кај извршител Соња Антовска во Скопје, дел бр. 02-318/11 од 28.09.2022 година. Се одобрува Решение донесено од страна на Претседател на КИРСМ за упис на извршител Благоја Бакрачевски од Скопје во Именик на извршители, дел. бр.03-320/9 од 03.10.2022 година. Се одобрува Одлука донесено од страна на Претседател на КИРСМ за формирање на Комисија за утврдување на просторни услови кај извршител Благоја Бакрачевски, дел. бр. 02-320/10 од 04.10.2022 година;

- Се усвојува Агенда за семинар на извршителите, кој ќе се одржи од 11-13.11.2022 година во хотел „Фени"- Кавадарци;
- Како членови на делегацијата од Комора на извршители на РСМ, кои ќе присуствуваат на Постојан совет на МУСИ во Париз во период од 22.11-25.11.2022 година, се определуваат Претседателот на КИРСМ, Ванчо Марковски и членот од УО на КИРСМ, извршител Славе Донев од Кочани;
- Комисијата за односи со јавност да направи обид со соодветна анализа да исконтактира со порталот„Пари", или друг медиум за да се објаснат податоците кои што се предходно објавени, со конкретна анализа. Претседателот на Комората и Комисијата за односи со јавност да го известат Управниот одбор за спроведените заклучоци;
- Комората да изготви допис- одговор до Министерство за правда по однос на доставеното писмено Укажување дел бр. 03-395/1 од 25.10.2022 година од Министерство за правда на РСМ, но предходно Стручната служба на КИРСМ да испрати анкетно прашање до сите членови на Комората: Со какви се проблеми се соочувате при реализација на налозите доставени до Фондот за ПИОСМ?, се со цел да се дефинираат најчестите проблеми со кои се соочуваат извршителите во наплатата на налозите до Фондот за ПИОСМ;

- Се овластува Претседателот на КИРСМ да ја продолжи комуникацијата во врска со проектот- програмата Матра и да донесе соодветни одлуки и мислења во врска со оваа програма, а потоа да ги достави на одобрување до Управниот одбор на КИРСМ;
- Стручната служба на КИРСМ, во најкраток можен рок, да ја препрати до сите членови на УО, Предлог стратегијата и Акцискиот план за спроведување на стратегијата за правосуден сектор 2023-2027, за да можат членовите на УО да ја разгледаат и да се произнесат. Доколку имаат предлози за дополнување или измена, предлозите да ги достават до извршител Николче Диневски и извршител Васко Блажевски;
- Се одобрува Одлука донесено од страна на Претседател на КИРСМ за формирање на Комисија за примопредавање на предмети, списи, уписници, електронска евиденција и состојба на сметка од канцеларијата на Антончо Коштанов, поранешен извршител од Скопје на заменик извршител Александар Максимовски од Скопје. Се одобрува Одлука донесено од страна на Претседател на КИРСМ за формирање на Комисија за примопредавање на предмети, списи, електронска евиденција и состојба на сметка од канцеларијата на Златко Пејовски, поранешен извршител од Скопје на новоименуванио извршител Благоја Бакрачевски од Скопје. Се одобрува Одлука донесена од страна на Претседател на КИРСМ за формирање на Комисија за утврдување на просторни услови кај извршител Катерина Кокина во Скопје;
- Комората на извршители на РСМ да испрати барање до Народниот правобранител за да ја извести Комората, со каква соодржина се претставките кои се поднесени до Народниот правобранител во последните 3 години од страна на граѓани, а се однесуваат на повреда на нивните права во извршувањето. Колку од претставките доставени до Народниот правобранител се оценети како оправдани и за колку од нив Народниот правобранител донел решение за преземање на некакви мерки;
- Управниот одбор на КИРСМ го разгледа Записникот бр.02-452/1 од 12.12.2022 година на Комисијата за континуирана и задолжителна едукација на извршителите. Се прифаќаат предлог темите дадени од страна на Комисијата за континуирана и задолжителна едукација на извршителите, за нареден семинар...;
- Управниот одбор на КИРСМ го разгледа и одобри Предлог финансискиот извештај за работата на КИРСМ за период од 01.06.2022 година до 30.09.2022 година и за период од 01.01.2022 година до 30.09.2022 година. Во иднина заради подобра прегледност, во табелата: Предлог финансискиот извештај за работата на КИРСМ, под точка 5 од табелата: „пренесено салдо од предходната година“ да се додаде нова ставка 5.1 во табелата, што гласи:„пренесено салдо од предходните месеци во тековната година.“;

➢ Управниот одбор на КИРСМ го разгледа записникот од Надзорен одбор дел.бр.02-434/1 од 17.11.2022 година со симулации и анализи;

➢ Во иднина поднесените Барања за правно мислење адресирани до Стручниот совет на КИРСМ, а поднесени од член на Комората, кои содржат конкретно прашање за конкретен извршен предмет, најпрво ќе бидат разгледани од страна на УО на КИРСМ. Управниот одбор на КИРСМ доколку е потребно, ќе го преформулира правното прашање како општо, па потоа истото ќе го достави до Стручниот совет на КИРСМ, кој ќе креира правно мислење. Управниот одбор ќе ги преформулира само оние правни прашања кои претставуваат конкретно прашање за конкретен извршен предмет, но не и општите прашања кои директно ќе бидат доставени до Стручниот совет на КИРСМ;

➢ Управниот одбор на КИРСМ избра членови на Комисијата за спроведување на постапка за именување на извршител со мандат од три години, сметано од 01.01.2023 година, и тоа: проф-др. Татијана Зоровска Камилоска од Правен факултет„Јустинијан први" Скопје; Ивица Николовски, член на Судскиот совет на РСМ; Катерина Георгиевска од Академија на судии и јавни обвинители „Павел Шатев"Скопје; извршител Кети Арсова од Скопје и извршител Слободанка Балгурова од Скопје;

➢ Управниот одбор на КИРСМ формира Комисија за вршење надзор над работењето на извршителите и правилна примена на Тарифа, во состав: извршител Методија Костадинов од Скопје, за член; извршител Владо Мицковски од Кичево, за член; извршител Александар Чамовски, за заменик член; и извршител Павел Поп Иванов, за заменик член. Мандатот на членовите и замениците членови на Комисијата за вршење надзор над работењето на извршителите и правилна примена на Тарифа, започнува од 01.01.2023 година и трае 3 години;

➢ Се одобрува годишниот распоред на Комората на извршители на РСМ за 2023 година со кој се определуваат извршители во 15(петнаесет) градови во РСМ каде нема именувано извршител, од редот на извршителите именувани за подрачјето на основниот суд на кој што територјално припаѓа градот, во просториите на општините за период од една година, а врз основа на еднаква застапеност на извршителите.....;

➢ Се усвојува оставка од извршител Гордан Станковиќ, на позиција- член на Комисијата за односи со јавност;

➢ За член на Комисија за односи со јавност, е избран извршител Игор Антевски од Скопје;

➢ Се задолжува Нормативната комисија да изработи предлог текст на Тарифа на начин што сите ставки од постоечката Тарифа да ги зголемени за 21%, согласно

актуелната економска состојба и степенот на инфлација. Предложениот текст на Тарифа, изготвен од Нормативната комисија да биде доставен до Министерот за правда, со барање за одобрување;

- Се задолжува Претседателот на УО на КИРСМ за наредната седница на УО до Управниот одбор на КИРСМ, да достави предлог за зголемување на платите на вработените и предлог за избор на вд.Секретар на КИРСМ;
- Се прифаќа иницијативата дадена од Претседателот на УО на КИРСМ, за измена на одредбите од Статутот на КИРСМ кои се однесуваат на избор на Претседател на КИРСМ. Се задолжува Нормативната комисија во рок од 30 дена да изработи предлог измена или измени со дополнение на член 50 од Статутот на КИРСМ. Предлог измените на член 50 од Статутот на КИРСМ ќе бидат дадени на јавна расправа, до членовите на Собранието на КИРСМ;
- Управниот одбор на КИРСМ формира Комисија која ќе изврши попис на основни средства и инвентар на Комората, во состав: извршител Драган Кочовски, член на УО; извршител Моника Муча, член на УО и Снежана Пижевска од Стручна служба на КИРСМ;
- Се одобрува Одлука дел.бр. 02-293/16 од 08.11.2022 година донесено од страна на Претседател на КИРСМ за формирање на Комисија за утврдување на предлог по пат на ждрепка, за предметите од канцеларијата на извршител Антончо Коштанов од Скопје, чија должност престана, помеѓу извршителите именувани на подрачјето на Основен кривичен суд Скопје и Основен граѓански суд Скопје; Се одобрува Одлука дел.бр. 02-293/21 од 05.12.2022 година донесено од страна на Претседател на КИРСМ за формирање на Комисија за примопредавање на предмети, списи, електронска евиденција и состојба на сметка од канцеларијата на Антончо Коштанов, поранешен извршител од Скопје на определениот извршител Павел Томашевски од Скопје; Се одобрува Одлука дел.бр. 02-436/1 од 21.11.2022 донесена од страна на Претседател на КИРСМ година со која се одобрува планот на архивски знаци, листа на архивски матерјал и листа на документарен матерјал за 2023 година за извршителите и за КИРСМ; Се одобрува Одлука дел.бр. 02-347/3 од 22.11.2022 година донесено од страна на Претседател на КИРСМ за формирање на Комисија за примопредавање на предмети, списи, електронска евиденција и состојба на сметка од канцеларијата на Елена Стрезоска, поранешен извршител од Охрид на определениот извршител Дејан Костовски од Охрид и се одобрува Одлука дел. бр. 02-383/2 од 19.10.2022 донесена од страна на Претседател на КИРСМ со која за членови на работната група при Министерството за правда на РСМ, а

во врска со постапување по налози за извршување од извршители по член 141 од ЗИ од КИРСМ, се номинираат извршителите: Драган Кочовски и Весна Деловска;

- Се овластува Претседателот на КИРСМ да потпише аликација за добивање на кредит за купување на деловен простор на Комората.

## 2.2 Претседател на КИРСМ

### **2.2.1** Претставки и тужби

До Комората на извршители на РСМ во периодот од 1 јануари 2022 година до 31 декември 2022 година беа доставени вкупно 121 претставка од странки против извршителите. По претходни извиди во поднесоците доколку беа утврдени формални недостатоци, доставено е барање за уредување од страна на Стручната служба на КИРСМ до странката и онаму каде што не беше постапено претставката е отфрлена. Сите останати се доставени до конкретниот извршител со барање за произнесување по наводите од поднесокот. Од вкупниот број на претставки примени во текот на 2022 година, 6 претставки остануваат нерешени и се префрлуваат за следната 2023 година, а 7 претставки префрлени од 2021 година, беа решени во 2022 година. Вкупниот број на решени претставки од страна на Претседателот на КИРСМ, во рамки на оваа извештајна година изнесува 115.

Претседателот на Комората уредно и навремено постапи по Барања податоци и информации доставени од страна на Народен правобранител на РСМ за изготвување на известување за превземање дејствија по повод претставки од граѓани кои се однесуваат за постапување на извршителите. Исто така, Претседателот на Комората во текот на 2022 година достави одговори и по повод Барања податоци доставени од страна на Јавното обвинителство на РСМ, по барања доставени од Државниот управен инспекторат, како и по барања за достава на податоци и информации од други органи и институции во врска со поднесени претставки во КИРСМ.

Во текот на 2022 година од страна на Потпретседателот на КИРСМ во поворена постапка беше разгледана претставка од 2020 година, поради тоа што Управниот суд го поништил Заклучокот УПП.бр.12-3-58/5 од 06.07.2020 година на Претседателот на КИРСМ и предметот го врати на повторно разгледување и постапување. Потпретседателот на КИРСМ изготви Известување по претставка постапувајќи во рамките на своите надлежности по чл.79 став 2 и 3 точка г) в.в. со член 59 став 2 од Законот за

извршување в.в. член 6 Законот за постапување по претставки и предлози кое Известување беше доставено до подносителот и до извршителот(Претседател на КИРСМ).

Претседателот на КИРСМ во текот на 2022 година до Управен суд на РСМ достави одговори на поднесени две Тужби за поведување на управен спор од страна на извршител за поништување на две Решенија на Дисциплинска комисија при КИРСМ. Претседателот на КИРСМ во 2022 година не поднесе Барање за извршување против извршител по основ на долг за ненаплатена парична казна изречена со решение на Дисциплинска комисија при КИРСМ. Комората е тужена страна во постапка поведена од извршител, со основ: „утврдување на невистинитост на записник за примопредавање, утврдување непостоење на правен однос и ништовност на исправа“, која постапка е во тек пред Апелациониот суд Скопје.

### 2.2.2. Изземање на извршител

Претседателот на КИРСМ во текот на 2022 година одлучуваше по **6** (шест) поднесени Барања за изземање на извршител во постапка на извршување по конкретен предмет. Од страна на Претседателот беше донесено едно Решение со кое се одбива барањето како неосновано, две Решенија со кои се отфрла Барањето од причина што е поднесено од неовластен подносител и три Решенија со кои се уважува Барањето и извршителот се иззема од извршување по конкретен предмет.

### 2.2.3. **Упис во Именици, легитимација, потврди и склучен договор за осигурување**

Претседателот на Комората во текот на 2022 година донесе **6** (шест) Решенија за упис на извршител во Именик на извршители; **11** (единаесет) Решенија за бришење на извршител од Именик на извршители; **24** (дваесет и четири) Решенија за упис на заменик извршител во Именик на заменици на извршителите; **8** (осум) Решенија за бришење на заменик извршител од Именик на заменици на извршителите; **4** (четири) Решенија за упис на приправник во Именик на приправници и **2** (две) Решенија за бришење на приправник во Именик на приправници.

Претседателот на Комората врз основа на предлог од извршител назначи **8** (осум) лица за помошник на извршител и на истите им издаде легитимација, согласно член 51 став 3 од Законот за извршување.

Претседателот на КИРСМ во текот на 2022 година по поднесено барање, издаде **33** (триесет и три ) потврди по барање од лица вработени во извршителските канцеларии и една потврда по барање од извршител.

Претседателот на Комората на извршители на РСМ и во оваа извештајна година внимаваше **103** (сто и три) извршители да постапат согласно член 43 од Законот за извршува, да достават до Комората доказ за секој склучен договор за осигурување од одговорност од штета односно обновена полиса за осигурување во рок од 30 дена по истекот на полисата за осигурување. Претседателот постапувајќи согласно закон внимаваше најнискиот износ на осигурување да изнесува 100.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна Банка на РСМ на денот на склучување на полисата за осигурување. Сите активни извршители во периодот на своето постапување во текот на 2022 година уредно и навремено доставија до Комората, доказ за склучен договор за осигурување од одговорност од штета.

### 2.2.4. Примопредавање

Претседателот на Комората во текот на 2022 година спроведе **14** (четиринаесет) постапки на примопредавања на списи, архивирани завршени предмети, книги, електронската евиденција и состојбата на сметките на извршителот чија должност престанала, на именуваниот односно определениот извршител, согласно член 74 став 6 од ЗИ, и тоа: **6** (шест) постапки на примопредавање се спроведени на подрачјето на Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје; **4** (четири) постапки на примопредавање се спроведени на подрачјето на Основен суд Охрид, Струга и Дебар; **1** (една) постапка на примопредавање е спроведена на подрачјето на Основен суд Штип и Свети Николе; **2** (две) постапки на примопредавање се спроведени на подрачјето на Основен суд Куманово, Крива Паланка и Кратово; и **1** (една) постапка на примопредавање е спроведена на подрачјето на Основен суд Прилеп и Крушево.

### 2.2.5. Веб страна на Комората на извршители на РСМ

Во текот на 2022 година, веб страната на Комората редовно се дополнува со нови информации и податоци. Претседателот на Комората грижејќи се Комората да дејствува

согласно со закон, на веб страната на Комората редовно беа објавувани доставени од извршители, Заклучоци за продажба на недвижност со усно јавно надавање, Заклучоци за продажба на подвижни предмети, Заклучоци за продажба на недвижност со непосредна спогодба како и Заклучоци за поправање на грешки во актите на извршителот. Стручната служба на КИРСМ во текот на 2022 година изврши објава на **974** ( деветстотини седумдесет и четири) огласи во делот на недвижен имот и **275** (двеста седумдесет и пет) огласи во делот на подвижен имот.

### 2.2.6. Утврдување на просторни услови

Претседателот на КИРСМ во текот на оваа извештајна година спроведе увид во канцеларија на извршител со цел констатирање дали работните простории на канцеларијата на извршителот ги исполнуваат условите за работа согласно Правилникот за видот на опремата и просторот потребни за вршење на извршни работи ( „Службен Весник на РМ“ бр.226/16 од 30.12.2016 година). Врз основа на спроведениот увид, Претседателот донесе **9** (девет) позитивни мислења со кои се констатира дека работните простории на извршителот ги исполнуваат условите за работа согласно Правилникот за видот на опремата и просторот потребни за вршење на извршни работи.

### 2.2.7 Членарина

Претседателот на КИРСМ во текот на оваа извештајна година, врз основа на одлуката на Собранието со која се овластува да поднесува правни средства против извршителите кои имаат долг спрема Комората за неплатени членарини нема поднесено предлог до надлежен нотар за донесување на решение за издавање на нотарски платен налог.

### 2.2.8 Средби и учество на настани

Во текот на 2022 година Претседателот на КИРСМ оствари повеќе средби со претставници на институции. Од остварените работни средби како најзначајни се издвојуваат следните:

- На ден 01.02.2022 година, Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски и Потпретседателот на КИРСМ Николче Диневски остварија средба со Министерот за правда д-р Никола Тупанчески, и во текот на годината Претседателот на Комората оствари уште неколку средби со актуелниот Министер за правда на РСМ;
- На ден 04.03.2022 година Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски оствари средба со Jos Uitdehaag, Потпретседател на Меѓународна унија на судски извршители;

- На ден 28.03.2022 година, Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски, извршител Моника Муча и извршител Гордан Станковиќ оствarија состанок со директорот на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување;
- На ден 05.04.2022 година, Претседателот на КИРСМ, Извршител Павел Поп Иванов и извршител Игор Антевски преку електронска врска оствари ја средба со претставници на Министерството за информатичко општество и администрација во врска со проектот на интероперабилност;
- На ден 11.04.2022 година Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски и извршител Драган Кочовски одржаа состанок со В.Д Претседателот на Апелациониот суд Скопје;
- На ден 01.06.2022 година Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски одржа состанок со Zlaty Mihailova, претставник на Центар за меѓународна правна соработка (CILC);
- Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски и извршител Весна Јакимовска на ден 03.06.2022 година во Клуб на пратеници учествуваа на јавна расправа за новите предложени прописи од областа на геодезијата, премерот, кастастарот на недвижности и водењето регистри;
- На ден 13.06.2022 година Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски одржа заеднички состанок со Jos Uitdehaag, Потпретседател на Меѓународна унија на судски извршители, Zlaty Mihailova, претставник на Центар за меѓународна правна соработка (CILC) и Joke Pisters, претставник на Центар за меѓународна правна соработка (CILC);
- Во период од 30.06.2022 година до 01.07.2022 година во Скопје се одржа Регионален форум “Перспективи на Западен балкан” на кој присуствуваше Потпретседателот на Комората извршител Николче Диневски од Битола;
- На ден 08.07.2022 година Клубот на пратеници Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски присуствуваше на првата конститутивна седница на Комисијата за изготвување на Граѓански законик на Република Северна Македонија;
- На ден 27.07.2022 година Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски и извршител Весна Деловска оствари ја состанок со претставници на Централниот регистар на Република Северна Македонија;
- На ден 30.11.2022 година Претседателот на КИРСМ оствари состанок со Сергеј Зафироски, независен економски експерт;

- На ден 01.12.2022 година Претседателот на Комората Ванчо Марковски, извршител Весна Деловска и извршител Васко Блажевски остварија состанок со претставници на Македонската банкарска асоцијација;
- Претседателот на Комората Ванчо Марковски и извршител Весна Јакимовска остварија состанок со Претседателот на Основен граѓански суд Скопје;
- На ден 01.12.2022 година Претседателот на Комората Ванчо Марковски, извршител Весна Деловска и извршител Весна Јакимовска остварија состанок со Народниот правобранител на РСМ.

### 2.2.9 Соработка со Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер

Во периодот од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година до Комората на извршители на РСМ се поднесени 2 (две) барања за пристап до информации од јавен карактер. Од страна на Комората на извршители на РСМ позитивно е одговорено на двете (2) барања. По едно барања е донесено Решение со кое е одобрен пристап до информациите од јавен карактер- согласно барањето, а по едно барање делумно е одобрен пристап до информациите од јавен карактер. Комората на извршители на РСМ уредно ја исполни обрската и изготви Годишен извештај за период од 01.01.2022 година до 31.12.202 година, кој ќе се достави до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

### 2.2.10 Заштита на лични податоци

Во однос на спроведување на Законот за заштита на личните податоци, Комисијата за изработка на сите потребни акти за извршителските канцеларии заради усогласување со Законот за заштита на личните податоци формирана од Управниот одбор на Комората, во текот на 2022 година одржаа три состаноци. Комисијата согласно задолжението на Управниот одбор на Комората изработи предлог акти за извршителите и за Комората и истите ги достави до Управниот одбор на Комората, и потоа актите беа доставени до сите извршители заради усогласување на актите со условите во нивните канцеларии.

## 2.3 Дисциплинска комисија (ДК) при КИРСМ

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ во текот на оваа извештајна година своите активности ги спроведе одржувајќи седници и главни претреси.

До Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ во периодот од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година од овластени предлагачи за поведување на дисциплинска постапка беа доставени 7 (седум) предлози за поведување на дисциплинска постапка, од кои шест беа доставени од страна на Министерството за правда на РСМ, а еден предлог е доставен од страна на Претседателот на Комората на извршители на РСМ. Од страна на ДК при КИРСМ во текот на 2022 година беше постапено по 11 предмети, 7 примени во тековната година, по 3 предмети префрлени од претходната 2021 година и беше постапено по предмет, започнат во 2019 година.

Во текот на 2022 година од страна на ДК при КИРСМ беа донесени **10** (десет) решенија, и тоа: едно решение со кое се огласува извршителот за виновен и му се изрекува парична казна, едно решение со кои се отфрла предлогот за поведување на дисциплинска постапка поради застареност, шест решенија со кои се одбива предлогот - се утврдува дека не е сторена дисциплинска повреда од страна на извршителот и две решенија со кои се отповикуваат претходно донесени решенија. Дисциплинската комисија при КИРСМ, на седница одржана на ден 14.07.2022 година костатира затварање на предмет од 2019 година по доставена пресуда од Виш управен суд и објава во Службен весник на РСМ на Решение на Министерство за правда со кое извршителот се разрешува од должност.

Еден предмет кој е започнат во 2022 година се префрла за работа во следната 2023 година.

| Година | **2016** | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на извршители | 98 | 101 | 97 | 91 | 99 | 96 | 92 |
| Вкупен број на предлози за Дисциплинска посапка | **5** | **3** | **10** | **14** | **3** | **6** | **7** |
| Решение со кое се одбива предлогот – не е сторена дисциплинска повреда | //// | //// | //// | 3 | 1 | 1 | 6 |
| Дисциплинска мерка – парична казна | //// | 2 | 5 | 5 | 1 | 1 | 1 |
| Дисциплинска мерка – писмена/ јавна опомена на извршител | //// | 1 | 2 | 1 | /// | /// | /// |
| Решение – привремена забрана за вршење на должност извршител - суспензија | //// | //// | 2 | //// | /// | 1 | /// |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Решение – Трајно одземање на правото на вршење на должност извршител | //// | //// | 1 | //// | /// | /// | /// |
| Решение –Привремено одземање на правото за вршење на должност | //// | //// | 1 | 1 | /// | 1 | /// |
| Решение –се отфрла предлогот за поведување на дисциплинска постапка | 5 | //// | 1 | 3 | /// | 4 | 1 |

Во текот на 2022 година, Претседател на Основен суд како овластен предлагач, нема поднесено до ДК предлог за поведување на дисциплинска постапка против извршител.

## 2.4 Надзорен одбор на КИРСМ

Надзорниот одбор во состав од три члена, во текот на оваа извештајна 2022 година, одржа четири седници на кои беше спроведен надзор над финансиското работење на Комората на тромесечни периоди во текот на 2022 година. Врз основа на обврската од Статутот на КИРСМ, Надзорниот одбор достави свој Извештај за работењето до Собранието на Комората[9] .

## 2.5 Стручен совет на КИРСМ

Стручниот совет на КИРСМ во текот на 2022 година одржа четири седници од кои една конститутивна, на која беше избран претседател на Стручен совет на КИРСМ и заменик претседател на Стручен совет на КИРСМ. Стручниот совет на КИРСМ во текот на 2022 година донесе неколку заклучоци.

## 2.6 Комисија за стручна едукација на извршители

Комисијата во состав од пет члена, во текот на 2022 година одржа шест седници на кои донесе одлуки и заклучоци и во четири наврати до Управниот одбор на КИРСМ достави Предлог теми за семинар на извршителите и предлог предавачи за семинар. Комисијата на седница одржана на ден 18.01.2022 година донесе Предлог програма за задолжителна едукација на извршителите за 2022 година. Комисијата на седница одржана на ден 28.01.2022 донесе Заклучок со укажувања за предлог измените и дополнувањата на Законот за извршување до Управниот одбор на Комората. Комисијата на седница одржана на ден 17.03.2022 година донесе предлог теми за општа програма за континуирана обука

[9] Годишниот извештај на Надзорен одбор е прилог кон овој Годишен извештај за работата на КИРСМ

за 2023-2024 година од Академија за судии и јавни обвинители и одредување на предлог теми за Програмата на Академијата за судии и јавните обвинители.

## 2.7 Комисија за спроведување на постапка за именување на изршител

Во текот на оваа извештајна година, Комисијата за спроведување на постапка за именување на извршител одржа 5 седници.

На ден 18.01.2022 година, Комисијата за спроведување на конкурс за именување на извршител одржа седница на која се разгледа Конкурс за именување на извршители објавен од Министерство за правда на РСМ во Службен весник број 289 од 22.12.2021 година за именување на тројца извршители на место извршителите на кои им престана должноста и тоа за:

- подрачјето на Основниот суд Тетово - еден извршител на место на извршител Санида Јашар;
- подрачјето на Основен суд Куманово, Основен суд Крива Паланка и Основен суд Кратово – еден извршител на место на извршител Драган Алексиќ;
- подрачјето на Основен суд Прилеп и Основен суд Крушево – еден извршител на место на извршител Менка Мицеска.

На седницата, беа разгледани 2 (две) пријава со прилози од кандидатите доставени во Комората на извршители на РСМ по повод објавениот Конкурс. Од страна на Комисијата, беше утврдено дека кандидатите ги исполнуваат условите за именување на извршител согласно член 33 од Законот за извршување. Комисјата констатира дека за едно од објавените извршителски места во конкурсот, односно за подрачјето на Основен суд Куманово, Основен суд Крива Паланка и Основен суд Кратово не се поднесени пријави од заинтересирани кандидати.

На ден 28.04.2022 година, Комисијата за спроведување на конкурс за именување на извршител одржа седница на која се разгледа Конкурс за именување на извршители објавен од Министерство за правда на РСМ во Службен весник број 84 од 05.04.2022 година за именување на 1 (еден) извршител и тоа за:

- подрачјето на Основен суд Охрид, Основен суд Струга и Основниот суд Дебар – еден извршител на место на извршител Душан Филиповиќ.

На седницата, беше разгледана 1 (една) пријава со прилози од кандидатот доставени во Комората на извршители на РСМ по повод објавениот Конкурс. Од страна на Комисијата, беше утврдено дека кандидатот ги исполнуваат условите за именување на извршител согласно член 33 од Законот за извршување.

На ден 19.05.2022 година, Комисијата за спроведување на конкурс за именување на извршител одржа седница на која се разгледа Конкурс за именување на извршители објавен од Министерство за правда на РСМ во Службен весник број 101 од 27.04.2022 година за именување на двајца извршители и тоа за:

- подрачјето на Основен суд Штип и Основен суд Свети Николе - еден извршител на место на извршител Снежана Маролова;
- подрачјето на Основниот граѓански суд Скопје и Основниот кривичен суд Скопје – еден извршител на место на извршител Јадранка Антовска.

На седницата, беа разгледани 11 (единаесет) пријави со прилози од кандидатите доставени во Комората на извршители на РСМ по повод објавениот Конкурс. Од страна на Комисијата, беше утврдено дека кандидатите ги исполнуваат условите за именување на извршител согласно член 33 од Законот за извршување.

На ден 07.07.2022 година, Комисијата за спроведување на конкурс за именување на извршител одржа седница на која се разгледа Конкурс за именување на извршители објавен од Министерство за правда на РСМ во Службен весник број 138 од 16.06.2022 година за именување на двајца извршители и тоа за:

-подрачјето на Основен суд Охрид, Основен суд Струга и Основен суд Дебар – еден извршител на место на извршител Елена Стрезоска.

- подрачјето на Основниот граѓански суд Скопје и Основниот кривичен суд Скопје – еден извршител на место на извршител Златко Пејовски.

На седницата, беа разгледани 12 (дванаесет) пријава со прилози од кандидатите доставени во Комората на извршители на РСМ по повод објавениот Конкурс. Од страна на Комисијата, беше утврдено дека кандидатите ги исполнуваат условите за именување на извршител согласно член 33 од Законот за извршување.

На ден 18.08.2022 година, Комисијата за спроведување на конкурс за именување на извршител одржа седница на која се разгледа Конкурс за именување на извршители објавен од Министерство за правда на РСМ во Службен весник број 169 од 27.07.2022 година за именување на 1 (еден) извршител и тоа за:

- подрачјето на Основниот граѓански суд Скопје и Основниот кривичен суд Скопје – еден извршител на место на извршител Антончо Коштанов

На седницата, беше разгледани 10 (десет) пријава со прилози од кандидатот доставени во Комората на извршители на РСМ по повод објавениот Конкурс. Од страна на Комисијата, беше утврдено дека кандидатот ги исполнуваат условите за именување на извршител согласно член 33 од Законот за извршување.

## 2.8 Ждрепка

Во текот на оваа извештајна година, Комората на извршители спроведе 3 (три) постапки за утврдување на предлог по пат на ждрепка меѓу извршителите од подрачјето на основните судови од каде биле извршителите чија должност престанала, а кои предлози ги достави до Министерството за правда за донесување на решение за определување на извршител од редот на именуваните извршители од истото подрачје којшто веднаш ќе ги преземе предметите на извршителот чија должност престанала и ќе ја продолжи работата по предметите, со сите овластувања кои му припаѓаат на извршител согласно Законот за извршување.

## 2.9 Комисија за вршење на надзор над работењето на извршителите и правилна примена на Тарифа

Во оваа извештајна година Комисијата за вршење на надзор над работењето на извршителите и правилна примена на Тарифа, постапувајќи согласно Правилник и одлука на Управниот Одбор на КИРСМ, изврши еден надзор над работењето на извршител по однос на примена на Тарифа, и изготви записник со мислење на утврдена состојба која укажува на неправилна примена на Тарифа од страна на извршителот. Записникот со мислењето беше разгледан од Управниот Одбор на КИРСМ и беше основ Претседателот на КИРСМ да изготви и достави Предлог за поведување на Дисциплинска постапка до ДК при КИРСМ.

## 2.10 Постапување на извршителите врз основа на член 36 став 1 од Законот за извршување

Врз основа на чл. 36 став 1 од Законот за извршување ( „Службен Весник на РМ“ бр. 72 од 12.04.2016 година) в.в. чл. 5 ст.1 и ст.2 од Правилникот за работното време на извршителот и Комората на извршители, донесен на седница на Вонредно Собрание на Комората на извршители на РСМ одржана на ден 20.06.2016 година, со одлука на Управен одбор на КИРСМ се одобри Годишниот распоред на Комората на извршители на РСМ за 2022 година со кој се определија извршители во 15 (петнаесет) градови во РСМ каде нема именувано извршител, од редот на извршителите именувани за подрачјето на основниот суд на кој што територијално припаѓа градот, во просториите на општините за период од една година, а врз основа на еднаква застапеност на извршителите. Согласно доставените **116** (сто и шеснаесет) извештаи од извршителите за присуство во просториите на општините, согласно Годишниот распоред од 14.01.2022 година до 30.12.2022 година, може да се согледа дека во текот на 2022 година не е примено ниту едно барање за извршување од физичко лице доставено до извршител, присутен на одредениот ден во просториите на општината.

# 3.Активности на КИРСМ преку одржани семинари, обуки и работилници

### Семинар на извршители

Комората на извршители на РСМ, оваа тековна година организираше **3** ( три) семинари и тоа:

1. На ден 26.02.2022 година се одржа семинар во хотел Гранит, Охрид. На семинарот беа обработени следните теми:„Извршување врз подвижни предмети и права спрема Република Македонија и нејзините органи, единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија по член 218 од Законот за извршување, а во врска со веќе донесени правосилни решенија со определен лимит при извршување”; ,,Легализација на бесправно изградени објекти и својството на доверителот во постапката пред општините”; „ Обврски на извршителите кои произлегуваат од Закон за архивски материјал и Уредбите по однос на архивските материјали, План за архивски знаци, Листа на архивски материјал и Листа на документиран материјал” и „Предлог измени и дополнувања на Законот за извршување.” По однос на првата тема која беше разработена на семинарот е донесен

следниот, заклучок: „Се повикува Врховниот суд да даде начелно правно мислење во однос на постапувањето по чл.218 од ЗИ. Се повикуваат Професорот и членовите на работната група кои работат на измените и дополнувањата на ЗИ при Министерството за правда, во текот на измените да го прецизираат чл.218 од ЗИ во насока на негова примена и одредување на лимитот.“

2. На ден 04.06.2022 година се одржа семинар во хотел 88 Rooms, Белград, Република Србија. На семинарот беа обработени следните теми:„Дисциплинска одговорност на извршителите согласно Законот за извршување и Кривичниот законик споредбено со одговорноста на нотарите и адвокатите и предлог измените и дополнувањата на Кривичниот законик”; „Дали извршителот има својство на физичко лице или службено лице во случај кога поднесува кривична пријава или кога против него е поднесена кривична пријава”; „Судење во разумен рок пред Врховен суд на РСМ во врска со извршување” и „Извршување на комунални предмети во Р.Србија и во Р.Северна Македонија.”

3. На ден 11.11.2022 година и 12.11.2022 година, се одржа семинар во хотел Фени, Кавадарци. На семинарот беа обработени следните теми:„Закон за спречување на перење пари и финансирање тероризам (Службен весник на РСМ бр.151/22) ”; „Член 239-а .Дали значи само геодетски елаборат и прибелешка или понатаму се продолжува со проценка,продажба и намирување ”,„Закон за Народен правобранител и нивно постапување во предметите пред извршител”, „Времени мерки по продажба на недвижност во извршување- кој и кога е надлежен да ги брише во Централен регистар на РСМ и Агенција за катастар на недвижности на РСМ” и „Воедначена примена на Адвокатска Тарифа”.

## 4.Меѓународни активности на КИРСМ

Оваа извештајна година, КИРСМ, со своите активности беше присутна и на меѓународен план при што во период од 22 до 25 ноември 2022 година, делегација на Комората во состав на Претседателот Ванчо Марковски и извршител Славе Дончев член на Управен одбор на КИРСМ учествуваа на седница на Постојан совет на МУСИ кој се одржа во Париз, Франција.

Во организација на Меѓународната унија на судски извршители (МУСИ) и Националното биро за извршување на Министерството за правда на Грузија во период од 21 до 24 септември 2022 година во Батуми, Грузија се одржа Меѓународна конференција

за нови технологии и дигитално управување со извршувањето на која како делегација на КИРСМ присуствуваа Претседателот на Комората Ванчо Марковски и Потпретседателот на Комората Николче Диневски.

## 5.Регионална соработка на КИРСМ

Во оваа извештајна 2022 година Комората ја продолжи и зајакна соработката во регионот и тоа со неколку активности:

- На ден 19.04.2022 во Приштина се одржи настан за промоција на софтверски систем за управување со извршувањето во организација на Министерството за правда на Р. Косово и USAID. На настанот присуствуваа Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски и извршител Драган Кочовски член на Управен одбор на КИРСМ.
- Во период од 21 до 22 октомври 2022 година во Златибор, Република Србија, Претседателот на Комората на извршители на РСМ Ванчо Марковски и извршител Драган Кочовски член на Управен одбор на КИРСМ учествуваа на седмото годишно советување на јавните извршители на Република Србија.
- Во период од 03 до 04 ноември 2022 година, извршител Весна Јакимовска Претседател на Комисија за задолжителна и континуирана едукација на КИРСМ и извршител Драган Кочовски член на Управен одбор на КИРСМ учествуваа на Коференција на јавни извршители што се одржи во Бечичи, Црна Гора во организација на Совет на Европа.
- Во период од 03 до 06 јули 2022 година во Колашин, Црна Гора се одржа регионална работилница за односи со јавност и комуникации дизајнирана исклучиво за Коморите на извршители од Западен Балкан. На работилницата присуствуваа Претседателот на Комората Ванчо Марковски, извршител Весна Јакимовска Претседател на Комисија за задолжителна и континуирана едукација на КИРСМ и извршител Драган Кочовски член на Управен одбор на КИРСМ.
- На ден 16 ноември 2022 година се одржа онлајн сесија на регионалната работилница за односи со јавност и комуникации дизајнирана исклучиво за Коморите на извршители од Западен Балкан, на која присуствуваа Претседателот на Комората Ванчо Марковски и и извршител Драган Кочовски член на Управен одбор на КИРСМ.

- На ден 19 декември 2022 година одржа втора онлајн сесија на регионалната работилница за односи со јавност и комуникации дизајнирана исклучиво за Коморите на извршители од Западен Балкан на која присуствуваа Претседателот на Комората Ванчо Марковски, извршител Весна Јакимовска Претседател на Комисија за задолжителна и континуирана едукација на КИРСМ и извршител Драган Кочовски член на Управен одбор на КИРСМ.

## 6.Односи на КИРСМ со домашни и странски институции

А .Односи на КИРСМ со домашни институции

1. **Односи со Министерството за правда на РСМ**

Законската поставеност на Министерството за правда како институција која ја контролира работата на извршителите на РСМ и на самата Комора, Министерството за правда во оваа извештајна година ја оствари преку спроведени редовни и вонредни надзори и до КИРСМ беа доставени вкупно 38 извештаи за извршен надзор над работата на извршителите, од кои 16 спроведени надзори со увид во конкретен И.број на предмет, односно спроведен надзор по повод добиени сознанија од странки и учесници во извршувањето (во табелата подолу како вонредни надзори), додека 22 надзори се спроведени по основ на месечен план на Министерството за правда за спроведување на надзор ( во табелата како редовни назори).[10]

**Анализа на примени извештаи од надзор од Министерство за правда на РСМ**




| | 2022 | 2021 | 2020 | 2019 | 2018 | 2017 | 2016 | 2015 | 2014 | 2013 | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно редовни надзори | 22 | 10 | 6 | 30 | 29 | 37 | 16 | 18 | 41 | 32 | 11 | 8 |
| Вкупно вонредни надзори | 16 | 10 | 22 | 14 | 9 | 13 | 14 | 58 | 66 | 72 | 71 | 57 |

[10] Анализата за спроведен надзор над работата на извршителите е направена според годината во која е примен извештајот за надзор во Комората а не по ден на спроведен надзор.

Работната група за измени и дополнувања на Законот за извршување во која учествува и Комората на извршители на РСМ со свои претставници, Извршител Николче Диневски и Извршител Билјана Николовска во оваа година одржа пет состаноци.

## 7.Нормативна активност на Комората на извршители

Комисија за нормативна дејност составена од 5 (пет) члена во состав од: Николче Диневски извршител од Битола, Зоран Петрески извршител од Скопје, Билјана Николовска извршител од Куманово, Јадранка Јовановска извршител од Куманово и Благоја Каламатиев извршител од Скопје на ден 11.07.2022 година одржа седница на која беше усвоен Предлог за измена кој се однесува на член 74 точка 11(од новиот предлог) од Законот за извршување и Предлог за измена на член 58 став 1 од Законот за извршување:„Членовите на дисциплинската комисија наместо да ги избира Собранието на КИРСМ, истите да ги избира Управниот одбор на КИРСМ со двотретинско мнозинство“, како и беше донесен Заклучок, дека се разгледани предлозите од Управата за јавни приходи по предлог закон за измена и дополнување на Закон за извршување бр.21-1937/2 од 15.06.2022 година на Управата за јавни приходи. Се овластуваат извршителите, Николче Диневски и Билјана Николовска како членови на работната група, да ги разгледаат предлозите од УЈП и доколку сметаат за потребно да предложат решенија. “

## 8.Односи на КИРСМ со други институции

Комората на извршители на РСМ до Државниот архив на РСМ по повод обврските кои произлегуваат за извршителите како лица кои вршат јавни овластувања и се иматели на архивски материјал изработи предлог листи и планови, и во законскиот рок за извршителите кои доставија своја согласност за истото до Комората поднесе барање за добивање на согласност за примена на планот и листите од Државен архив на РСМ, врз основа на кое извршителите со Решение на ДАРСМ добија согласност за примена на Планот за архивски знаци за распределување на актите, Листата на архивски материјал и Листата на документарен материјал за 2023 година.

## 9.Односи со медиумите

Комората на извршители на Република Северна Македонија преку Комисијата за односи со јавност на Комората, во период од 16 до 18 септември во Битола организираше

Тркалезна маса и обука за претставници на медиумите. Претседателот на Комората г-дин Ванчо Марковски имаше воведно излагање каде ги презентираше предизвиците со кои се соочуваат извршителите и Комората во Република Северна Македонија. Извршителот Јорданчо Давитковски од Крива Паланка имаше излагање на темата “Реформи во извршувањето во европските држави, регионот и Република Северна Македонија”, додека извршител Каролина Таневска од Прилеп детално ги елаборираше правните лекови во извршувањето.

Во текот на оваа извештајна година беа реализирани неколку гостувања во телевизиски медиуми, како и соработка со пишани и електронски медиуми.

## 10.Планови на Комората за 2023 година

Комората во 2023 година главниот фокус и активности ќе ги насочи кон измените и дополнувањата на Законот за извршување, Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите, актите на Комората, подзаконските акти како и подигнување на статусот на извршителите како носители на јавни овластувања.

Комората во 2023 година планира да усвои нов Правилник за начинот на примопредавање на должноста од поранешниот извршител на новоименуваниот извршител, за регулирање на правата и обврските во постапување и распределба на средствата за надомест на трошоци, дејствија и награда врз основа на вложениот труд со кој детално ќе се уреди начинот на приморедавање на предмети со кој што ќе се надминат актуелните проблеми со кои се соочуваат извршителите.

Комората во 2023 година планира да биде повеќе присутна во медиумите зацврстувајќи ја својата политика за односи со јавноста и известувања на медиумите за постигнатите резултати во извршувањето како и преземање на активности на Комората со цел подобрување на имиџот на извршителите во јавноста.

Комората ќе продолжи со активности за електронско поврзување со државните органи, институции, регистри и слично, со цел поекономично спроведување на извршувањето преку процесот на интероперабилност согласно Стратегијата за реформа на правосудниот систем. Доколку за ваквото поврзување бидат потребни средства за подигнување на техничкото ниво на Комората и средства за редовно годишно одржување

од страна на Комората ќе бидат преземени активности за изнаоѓање на потребните средства од надворешени извори.

Комората ќе ги продолжи своите заложби за подобрување на правната и економската сигурност на извршителите вкучително и институционално зајакнување на капацитетите на Комората.

Во однос на релациите со домашните институции, Комората планира да ја продолжи добрата соработка со Министерството за правда на РСМ, Нотарска комора, Адвокатската комора и Судовите во РСМ за усогласување на судска пракса и еднаква примена на Законот за извршување.

Се планира продолжување на соработката со Коморите во регионот и Меѓународната унија на судски извршители UIHJ (МУСИ) како и понатамошно учество во проектот ,,Зајакнување на извршувањето во Западен Балкан 2020-2024 кој е од големо значење за извршувањето во РСМ како и за целиот регион чија цел е да ги зајакне системите на извршување во Албанија, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија.

КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател,
Ванчо Марковски